

# КАКО ДА ГО УНАПРЕДИМЕ ПРОСТОРОТ ЗА ДЕЛУВАЊЕ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

CIVICA MOBILITAS

BALKAN CIVIL SOCIETY DEVELOPMENT NETWORK

## ПОГЛЕДИТЕ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН И ТУРЦИЈА

Март 2018



Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), кој го спроведуваат NIRAS од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) од Македонија и Шведскиот институт за јавна администрација (SIPU) од Шведска

Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Балканската мрежа за развој на граѓанско општество (БЦСДН) и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат.



На 21ви јуни 2017 година, Балканската мрежа за развој на граѓанско општество (БЦСДН) организираше регионална конференција на тема: „Улогата на граѓанските организации (ГОи) во унапредување на просторот за нивно делување“ во Скопје, Македонија. Конференцијата на која присуствуваа повеќе од 40 претставници на ГОи од Македонија, Западен Балкан и Европа, имаше за цел да иницира дискусија за тоа како да се унапреди просторот за делување на граѓанските организации-граѓанскиот простор, и како да се обезбеди овозможувачка околина за развој на граѓанското општетсво. Главен говорник на конференцијата беше Dhananjayan Sivaguru Sriskandarajah, Генерален секретар на CIVICUS, Глобалната алијанса за граѓанско учество, кој во својот воведен говор се осврна на глобалните перцепции во однос на стеснувањето на граѓанскиот простор, наведувајќи ги причините за тешките околности на делување на граѓанското општество. Во три панел сесии се водеа дискусии на следниве теми: следење и застапување, зголемување на отчетноста и зајакнување на соработката во самиот граѓански сектор. Повеќе информации, како и деталната агенда и целосната листа на говорници, се достапни овде. Конференцијата е дел од проектот „Заштита на граѓанскиот простор - должности и учесници“, поддржан од Civica Mobilitas, кој има за цел да ги охрабри ГОи да бидат поактивни и поефективни во напорите за унапредување на просторот за нивно делување и на овозможувачката околина преку размена на добри практики и стандарди.

Конференцијата претставуваше можност за размена на добри практики и искуства од Европа и светот со ГОи од земјата и регионот, со цел да ги поттикне да се вклучат во унапредување на граѓанскиот простор и на овозможувачката околина за развој на граѓанскиот сектор на локално ниво. Потпирајќи се на инспиративниот воведен говор и заедничките локални напори и искуства на земјите од регионот споделени од учесниците, направивме преглед на заклучоците кои произлегоа од динамичните дискусии. Се надеваме дека ќе им послужат на другите организации, на формалните или неформални граѓански иницијативи во земјите, регионот и пошироко, за да преземат афирмативни мерки за унапредување на просторот во кој делуваат, како и на донаторите за да ги ревидираат своите стратегии за финансиска поддршка. Време е да и дадеме нов изглед на демократијата!

Силното и слободно граѓанско општество е од суштинско значење за овозможување на одржлив развој и демократски промени. Сепак, во повеќе извештаи се нотира дека граѓанското општество е „слободно" во само мал број на земји; Civicus Monitor – алатката која го следи просторот за делување на граѓанските организации (ГОи) на глобално ниво – стави само 26 земји на листата на земји кои имаат „отворен"-граѓански простор, што претставува само 3% од светското население1. Од друга страна пак, 3 милијарди лица живеат во земји каде граѓанското општество е затворено или работи под притисок, а, за жал, дури и оние демократски земји кои се сметаат за демократии по традиција и „здрави" општества (какви што се САД и Обединетото Кралство), покажуваат видни знаци на стеснување на просторот за делување на граѓанските организации и слободи. Најчести облици на нарушување на слободниот простор за делување на глобално ниво претставува притворањето на граѓански активисти, ограничувањето на правото на протест или употребата на прекумерна сила, како и нападите врз новинари. Нов тренд во оваа област претставува и воведувањето нови бирократски процедури од страна на владите за да се забави работата на граѓанските организации, а независните граѓански организации да се прикажат како закана и како непријатели на државата и народот2. Порастот на популизмот и на „владините" ГОи дополнително ги потхрануваат ваквите аргументи и ги разгоруваат јавните расправи.

1 https://monitor.civicus.org/globalfindings0417/

2 Ibid.

Истовремено со ваквите политички појави кои влијаат врз просторот за делување на граѓанските организации, самите ГОи се соочуваат со дополнителни предизвици: опаѓање на довербата на јавноста во секторот, непостоење на инфраструктура за делување на граѓанските организации и недостиг на финансиски средства. Падот на довербата во граѓанските организации соодветствува со падот на општата доверба во институциите и во демократијата3; но сепак, тоа е воедно и резултат од неуспехот на граѓанското општество да ги застапува интересите на граѓаните и да дава отчет пред заедницата на која припаѓа4. Повеќето донаторски стратегии за финансирање го истакнуваат овој проблем: како одговор на сѐ посилниот притисок со кој се соочуваат при мерењето на резултатите, но и за да ги намалат административните трошоци, многу од нив својата поддршка ја доделуваат преку поголеми организации и/или приватни консултантски услуги, создавајќи на тој начин стимул за раст на професионализирани ГОи, кои се одлични во водењето на своите финансии, но кои се помалку вешти во поттикнувањето на промени. За возврат, во отсуство на финансиски средства за градење на капацитетите на помалите ГОи и недостигот на сеопфатна стратегија за развој на граѓанското општество, одржливоста, различноста и јакнењето на секторот се доведени во прашање.

3 http://www.edelman.com/trust2017/

4 https://www.civicus.org/documents/reports-and-publications/SOCS/2017/state-of-civil-society-report-2017-executive-summary-en.pdf

Ваквите појави, за жал, не го заобиколија ниту Балканскиот регион: само во 2016 година просторот за ефективно делување на граѓанските организации во Западен Балкан и Турција е значително ограничен, со голем број на инциденти и случаи на кршење на правата кои се регистрирани во Босна и Херцеговина, Македонија, Црна Гора, Србија и Турција. Довербата во секторот не забележа никаков пораст во речиси ниту една земја во изминатите неколку години.

Во вакви времиња кога локалните појави се всушност и глобални, ГОи ширум светот можат многу да придонесат за унапредување на просторот за нивното делување на светско ниво. Почнувајќи од размена на искуства, покажување солидарност и формирање широки коалиции, до употреба на нови технологии и соработка со меѓународни иницијативи, еве што граѓанските организации и донаторите можат да направат за унапредување на граѓанскиот простор.

1

# ДА СЕ ПОДИГНЕ СВЕСТА ЗА ПОТРЕБАТА ОД ПОСТОЕЊЕ НА ОВОЗМОЖУВАЧКА ОКОЛИНА ЗА РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Со цел да се овозможи ефективно работење, граѓанските организации мора да имаат простор да ги искажат своите ставови, да вршат едукација, да мобилизираат учество и да гарантираат дека секој може да се вклучи во демократските процеси во својата земја. Просторот за делување на граѓанските организации се создава преку збир на правила кои им овозможуваат на луѓето да се организираат, да учествуваат и да комуницираат едни со други, слободно и без пречки, и на тој начин да влијаат врз политичките и општествените случувања околу нив. Условите кои влијаат врз капацитетот на граѓаните да земат учество и да вложат труд во сферата на граѓанското делување, а кои се одликуваат со постојаност и се од доброволна природа, е она што ја дефинира овозможувачката околина. Јакнењето на овозможувачката околина треба да биде цел на сите граѓански организации, а предуслов за тоа е поддршката од граѓаните. Активното застапување и поддршката за поширока граѓанска едукација која треба да се врши и вон училиштата и во различни периоди од животот на граѓаните, несомнено ќе го зголеми разбирањето на демократијата, улогата на граѓанското општество, граѓанското учество и значењето на просторот за граѓанско делување.

*Корисна алатка за истражување и оценување на состојбата на граѓанскиот простор на глобално ниво, која особено ажурно ги следи и известува за промените на состојбите, е алатката CIVICUS Monitor. Таа користи повеќе извори на информации за известување и оценување на просторот за делување на граѓанските организации во секоја од земјите, рангирајќи ги притоа од отворени до ограничени, опструирани, под репресија или затворени. Интерактивната мапа на светот им овозможува на интернет посетителите пристап до состојбите на граѓанското општество ширум светот во реално време, ги регистрира заканите кон граѓанското општество и влече информации за тоа како се остваруваат или нарушуваат правата на здружување, изразување и мирен собир во сите земји. Алатката CIVICUS Monitor е развиена од граѓанскиот сектор, за граѓанскиот сектор – сите заинтересирани ГОи можат да учествуваат и да работат заедно со членовите и партнерите на CIVICUS за регистрирање на промените во просторот за делување преку директно внесување на ажурирани податоци за состојбите во нивната земја.*

2

## ДА СЕ ИЗБЕГНУВА НЕШТАТА ДА СЕ ПРИКАЖУВААТ КАКО ДА ГИ ЗАСЕГААТ САМО ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Иако регулативите и практиките кои се однесуваат на работата на ГОи најмногу треба да ги засегаат граѓанските организации, сепак и ние треба да имаме на ум дека просторот за делување на граѓанските организации не е само нивен. Граѓанскиот простор, сепак се однесува на фундаменталните предизвици со кои се соочуваат граѓаните при заложбите и поттикнувањето на општествени промени. Со оглед на тоа, наместо исклучиво ГОи да работат на подобрување на средината во која делуваат, прашањето за стеснување на просторот за делување е нешто што ги засега сите, па затоа би требало и да се прикаже како такво.

При напорите за создавање на подобра овозможувачка околина, веродостојното и редовно следење и регистрирањето на трендовите во граѓанскиот сектор се неопходни алатки за да се увиди дали просторот и околината во кои граѓанското општество делува се влошуваат или подобруваат, како и за да се даваат навремени предупредувања за преземање итни мерки.

Потребни се темелни истражувања и алатки за застапување за да се овозможи ГОи да се вклучат во процесите на донесување на одлуки, како еден од начините за потранспарентни, јасни и квалитетни политики, како и за меѓусебно известување и реакција од страна на секторот доколку истите не се почитуваат.

3

## ДА СЕ СЛЕДИ ОВОЗМОЖУВАЧКАТА ОКОЛИНА И ДА СЕ ЗАСТАПУВА ВРЗ БАЗА НА ДОКАЗИ

При напорите за создавање на подобра овозможувачка околина, веродостојното и редовно следење и регистрирањето на трендовите во граѓанскиот сектор се неопходни алатки за да се увиди дали просторот и околината во кои граѓанското општество делува се влошуваат или подобруваат, како и за да се даваат навремени предупредувања за преземање итни мерки.

Потребни се темелни истражувања и алатки за застапување за да се овозможи ГОи да се вклучат во процесите на донесување на одлуки, како еден од начините за потранспарентни, јасни и квалитетни политики, како и за меѓусебно известување и реакција од страна на секторот доколку истите не се почитуваат.

*Една исклучително детална алатка за следење на околината во која делуваат ГОи е Матрицата за следење на овозможувачката околина за развој на граѓанското општество. Изработена за специфичните потреби на регионот на Западен Балкан и Турција, Матрицата беше развиена во 2012 година од БЦСДН, со поддршка од членовите и партнерите на мрежата. Матрицата е расчленета во три главни области: основни загарантирани законски слободи (слобода на изразување, на собир и здружување), рамка за финансиска одржливост на ГОи и односот помеѓу владите и граѓанските организации. Истата содржи различни методолошки алатки (од анкети до експертски средби) и известува за состојбите во земјата од аспект на законодавството, но и праксата. Следењето кое се врши на годишно ниво наоѓа примена при активностите на застапување (согласно спецификите на земјата) чија цел е да се врши конзистентен и постојан притисок врз националните влади при создавањето и спроведувањето на соодветното законодавство во областа на развој на граѓанското општество.*

4

## ДА СЕ ГАРАНТИРА ДЕКА ГОИ МОЖАТ ДА ГИ ИСКАЖАТ СВОИТЕ СТАВОВИ БЕЗ СТРАВ ОД ЦЕНЗУРА ИЛИ КАЗНУВАЊЕ

Заштитата на граѓанскиот простор е невозможна без заштита на слободата на изразување. Медиумската слобода на глобално ниво е на најниско ниво од почетокот на 21 век5; новинарите и медиумските работници честопати се соочуваат со вознемирување; владите ги таргетираат критичарите преку правниот систем или преку мешање во уредничките политики, а со порастот на лажните вести се јавуваат и нови предизвици.

Имајќи го тоа предвид, ГОи имаат се помали можности да ја искажат својата загриженост и да го заштитат просторот за нивно делување, со што слободата на изразување станува прашање од суштинска важност. Во своите заложби за слобода на изразување, ГОи треба да покажат солидарност и заеднички да мобилизираат ресурси за преземање итни мерки со цел да се заштитат лицата или организациите кои се предмет на клевети или јавно оцрнување. Неопходни се заедничка акција и застапување за борба против лажните вести, политичкото влијание и контрола, кои му нанесуваат штета на просторот за делување на граѓанските организации.

5 https://www.article19.org/resources/new-article-19-metric-measures-global-threats-freedom-expression-information/

5

## ДА СЕ ДОБИЕ ПОДДРШКА ОД ГРАЃАНИТЕ

Со падот на довербата во граѓанското општество (или со оглед на традиционално ниското ниво на доверба како во случајот на земјите од Западен Балкан), многумина не веруваат во тоа што работат и претставуваат граѓанските организации. Честопати ГОи се прикажани повеќе како групи кои застапуваат интереси на „странската“ агенда на основачите или донаторите, отколку дека се фокусирани на потребите и грижите на граѓаните. Подигањето на свеста за значењето на граѓанското општество и за тоа како ние, како граѓански сектор, ги подобруваме нашите општества и заедници, треба да биде клучен приоритет на ГОи. За тоа да се постигне, од суштинско значење е ГОи да се во постојана комуникација со пошироката јавност и да водат непрекинат дијалог со сите засегнати страни за прашањата кои ги засегаат, за она што можат да го понудат и за тоа како да бидат ефективни во своите напори за остварување на промени.

6

## ДА СЕ ПОДОБРИ СОПСТВЕНАТА ОТЧЕТНОСТ

При стеснување на просторот за делување на граѓанските организации, покрај тоа што е потребно да се зајакнува надворешната околина за таа да овозможува развој на граѓанското општество, воедно се потребни и подобрувања „од внатре“. Во Западен Балкан и Турција, сè уште нема доволно свест за тоа како отчетноста и транспарентноста на работењето на ГОи придонесуваат за создавање на овозможувачка околина за граѓанското општество. Честопати поради неразбирање или неразвиени внатрешни механизми и капацитети, повеќето ГОи располагаат со мал број механизми за добивање повратни информации и отчетност, и повеќето од нив негуваат поблиски врски со донаторите отколку со своите директни корисници и партнери. За да се зголеми довербата и на заедницата, граѓаните и носителите на политики, како и за да се зајакне поддршката за одбрана на просторот за делување на граѓанските организации, ГОи треба да ги подобрат своите стандарди и начини на работа.

*Постојат неколку механизми кои ГОи можат да ги воведат за да ја подобрат својата отчетност, а кои произлегуваат од различните глобални и регионални иницијативи. Една од нив, која се заснова на размена на различни стандарди за давање отчетност и чија цел е да ја подобри отчетноста на ГОи како директна мерка против стеснувањето на просторот за нивното делување е Глобалниот стандард за отчетност на ГО. Развиен од страна на девет етаблирани мрежи и иницијативи за отчетност ширум светот, вклучително и БЦСДН, тој го промовира концептот на динамична отчетност. Стандардот претставува збир на заложби за тоа како ГОи треба да ја вршат својата работа и да водат постојан дијалог со засегнатите страни, со цел да ги подобрат своите резултати и да сносат и тие и нивните партнери одговорност во согласност со еден заеднички стандард. Стандардот е организиран во три групи: Група А – Што сакаме да постигнеме, Група Б – Нашиот пристап кон промени, Група В – Нашето интерно работење. Секоја од заложбите е намерно аспиративна – фокусот е ставен не само врз она што ГОи го прават во моментот, туку и врз она што тие би можеле да го прават во иднина; ГОи се повикани да го подобрат својот перформанс, и поединечно и колективно, како и да дадат свој придонес за градење на подобар свет. Глобалниот стандард нуди различни облици на учество, соработка и усовршување за ГОи, други иницијативи за отчетност, донатори и јавноста.*

# 7

## ДА СЕ ИЗГРАДАТ КОАЛИЦИИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СИЛНА ПОДДРШКА

За да бидат ефективни во унапредувањето на просторот за нивното делување, ГОи мораат да обезбедат поширока база на поддршка и да формираат коалиции со поширока група на засегнати страни, какви што се синдикатите, религиските заедници или неформалните активисти или групи, но и да побараат поддршка и од други општествени фактори кои претходно не биле консултирани, како на пример бизнис секторот. Унапредувањето на граѓанскиот простор е долгорочна заложба која иако треба да се зароди во локалната заедница преку создавање услови за ефективни локални граѓански акции, ГОи ширум светот треба да покажат солидарност и да делуваат заедно. Да се соработува и да се здружат силите со што повеќе организации, формални и неформални граѓански иницијативи, е многу поефективно отколку кога само неколку организации сами би го штителе просторот за делување. Искуствата во регионот не учат дека кога граѓанскиот простор за и демократијата се под закана, тогаш поголема солидарност на меѓународно и на глобално ниво може да ја промени играта. Покрај тоа, ГОи можат да си бидат од помош една на друга и да делуваат превентивно доколку организациите кои делуваат во земји каде слободите биле или се ограничени, го споделат своето искуство и научените лекции.

*Пример од регионот за заедничко дејствување на ГОи за унапредување на граѓанскиот простор беше иницијативата која произлезе од Форумот за ГОи во Романија на тема „Демократијата е важна!“. На Форумот учествуваа коалиции на ГОи од Централна и Источна Европа, академски претставници, групи на политички активисти и движења и други учесници, кои заедно дискутираа за растечките популистички наративи и кои развија 4 компоненти со конкретни препораки за делување: 1. Кампања за подигање на свеста на глобално ниво; 2. Заложби за следење на состојбите на локално ниво; 3. Застапување за прашањето за просторот за делување на граѓанските организации да се стави повисоко на агендата на ЕУ; и 4. Иницирање на граѓански дебати за демократија за да се промовираат либералната демократија, граѓанскиот простор и граѓанскиот сектор пред пошироката публика.*

8

## ДА СЕ ПОСТИГНАТ ПОДОБРИ РЕЗУЛТАТИ ПРЕКУ МОБИЛИЗИРАЊЕ НА РЕСУРСИ

Во време на ограничени финансиски средства за спроведување на итни активности, комбинирањето на ресурси од различни извори може да биде решение. Тоа може да значи делење на канцелариски простор, техничка опрема, пристап до информации или комуникациски алатки, па дури и персонал. Дополнителен исчекор во заедничкото мобилизирање на ресурси и финансиски средства може да се направи преку тематско прибирање на средства или тематски јавни кампањи (комбинирајќи го лобирањето со прибирањето на средства), заеднички културни настани, аукции, публикации, итн.

*Фондацијата СОЛИДАРНА во Хрватска е формирана по иницијатива на 55 активисти за човекови права и граѓански организации со цел да се зачува одржливоста на механизмите за заштита на човековите права, владеењето на правото и демократските стандарди во Хрватска. Фондацијата беше формирана во 2015 година со здружување на средства и таа успеа да мобилизира поголема поддршка и да прибере дополнителни финансиски средства за да создаде фонд за итни иницијативи на ГОи од мал обем, наменети за одбрана на просторот за делување на граѓанските организации, демократијата и човековите права. Нивната кампања - "Drugotna na sav glas!" (букв. прев. Вторите на цел глас!), започната како одговор на сè поголемиот број напади врз репродуктивните и сексуални права на жените во Хрватска, постигна особен успех. Преку различни активности за подигање на свеста и донации, СОЛИДАРНА успеа да прибере 8,000 ЕУР, кои заедно со 15,000 ЕУР од генералниот фонд на Фондацијата, беа искористени за создавањето на посебен фонд за активности на локални организации кои работат во областа на родовиот идентитет и правата на жените.*

9

## ДА СЕ ВЛОЖИ ВО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

Постоењето на доволно развиена инфраструктура на граѓанското општество е клучен фактор за јакнење на одржливоста на секторот и за брза реакција на граѓанското општество кон непосредните закани по граѓанскиот простор. Како што е нотирано во Индексот за одржливост на ГОи за 2016 на УСАИД, инфраструктурата на граѓанското општество на просторот на Западен Балкан е сè уште во фаза на развивање: иако постојат мноштво на мрежи и коалиции, во главно тие функционираат во рамки на проекти кои ја поддржуваат нивната работа. Постои јасна недоверба и конкурентност помеѓу ГОи, што ја отежнува размената на информации и соработка во секторот, а за придобивките од партнерствата помеѓу различните сектори сè уште се нема разбирање. До сега само неколку организации одделуваа финансиски средства за инвестирање во инфраструктурата на секторот, во главно преку членство во одредени мрежи. За да се подобри инфраструктурата на граѓанското општетсво, ГОи мораат да инвестираат повеќе време и ресурси и да покажат одговорност пред останатите граѓански организации. Воедно и донаторите треба да инвестираат во инфраструктурата на овој сектор и во неговиот постојан развој.

10

## ДА СЕ ИНВЕСТИРА ВО ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ

Во време кога демократијата се доведува во прашање, кога улогата на граѓанското општество системски се поткопува од страна на властите, треба да ги поттикнеме граѓаните да станат активни учесници во општеството кои се подготвени и способни да направат промени во нивните заедници. Сепак, за да ги поттикнеме луѓето да се активираат, треба да имаме соодветно образование што ќе ги подготви граѓаните активно да учествуваат во донесувањето одлуки. За граѓаните да се ангажираат во своите заедници, треба да ги знаат своите граѓански права, за да можат да ги разберат и да ги практикуваат основните слободи. Во Западен Балкан, според Регионалниот извештај од *Матрицата за следење на овозможувачката околина за развој на граѓанското општество* за 2015 година, поддршката за граѓанското општество и граѓанското учество може ефикасно да се промовира преку формално или неформално образование, но образовниот систем за сега не го вклучува граѓанското учество во официјалните наставни планови. Инвестирањето во граѓанско образование не само што ќе го зајакне граѓанскиот простор, туку и ќе ги зајакне нашите демократии.

## ДОНАТОРИТЕ ДА ГИ ПРИЛАГОДАТ СВОИТЕ МЕХАНИЗМИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА СОВРЕМЕНИТЕ ТРЕНДОВИ

Под притисок на опаднатата доверба на јавноста и барањата за поголема видливост на резултатите од нивната работа, повеќето модели за доделување на финансиски средства произлегуваат пред сè од нивниот интерес за брза оценка на корисniта од доделените средства, за непосредно одредување и квантифицирање на успесите, зголемување на видливоста на средствата кои ги доделуваат, и, доколку е можно, за намалување на административните трошоци. Предводени од истите мотиви, повеќето големи донатори го пренасочија текот на доделување на финансиските средства преку големи меѓународни организации и/или странски приватни компании, а средствата се повеќе наменети за обезбедување на пократкорочна поддршка на проекти со непосреден импакт, отколку за овозможување на стратегиска и долгорочна поддршка за развој на граѓанското општество. Таквите стратегии за финансирање се штетни по различноста во секторот и неговиот понатамошен развој, и оставаат малку простор за развојни активности и спроведување на овозможувачка околина за делување на ГОи – што е од суштинска важност за ГОи да можат во целост да ја употребат својата моќ за трансформација на општеството и да донесат вистински промени. Со цел да се понуди ефективен одговор на предизвиците по заедничкиот простор за граѓанско делување, донаторите треба да ги прилагодат своите практики на доделување грантови за тие побрзо да одговорат на потребите на терен, да поттикнуваат коалициско работење и работа во повеќе-секторски групи, како и да ги искористат локалните иницијативи на повеќето засегнати страни, локалните донаторски медијатори и мултилатералните форуми за заштита или проширување на просторот за делување на граѓанските организации.

# 12

## ДА СЕ ЗАЛАГА ЗА (И ПРИМЕНУВА) ПАРТИЦИПАТИВЕН ПРОЦЕС НА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ГРАНТОВИ

*Пример за донаторско финансирање, кое е стратегиски и детално развиено со цел да обезбеди долгорочен развој на граѓанското општество како сектор кој се стреми да постигне позитивни придобивки за демократијата, е програмата CIVICA MOBILITAS на Швајцарската агенција за развој и соработка, која се спроведува во Македонија од октомври 2014 година (до септември 2018 година). Проектот им пружа поддршка на граѓанските организации за унапредување на просторот за нивно делување и поттикнување општествени промени во областите како што се доброто управување, децентрализацијата и развојот на граѓанското општество, како и за адресирање и вклучување во главните текови, доколку е тоа можно, на таканаречените „трансверзални прашања“: род, меѓу-етнички односи и миграции. Со цел да делува како движечка сила за одржливост на граѓанското општество, целта на проектот е за период од 4 години да креира „критичка маса“ на ГОи кои ќе бидат активни во заложбите за позитивни општествени промени во Македонија. За успехот на ваквата мисија, програмата се состои од три компоненти кои се сметаат за клучни за одржливоста на развојот на граѓанското општество: градење на заедниците, шеми за доделување грантови и истражување и развој. Согласно нивните прелиминарни анализи, досега помеѓу 31 и 68 проценти од грантистите биле активно вклучени во најмалку една од водечките иницијативи на граѓанското општество во изминатиот период – почнувајќи од „Шарената револуција“, Предлогот за итни демократски реформи, па сè до Писмото до Владата за воспоставување на Совет за соработка помеѓу ГОи и Владата.*

Сè почестите повици за поголема отчетност и зголемената ефективност делуваа како притисок врз донаторите за тие да ги променат своите практики на доделување финансиски средства, а прогресивните донатори кон ова одговорија така што понудија нови механизми преку кои крајните корисници и оние кои се најмногу засегнати ќе можат да го искажат своето мислење за доделувањето на финансиските средства. Подеднакво познато и како ‘доделување грантови преку стручна оцена’, ‘финансирање на заедницата’, или ‘финансирање на активисти’, партиципативниот процес на доделување на грантови произлегува од идејата дека грантовите кои ќе се доделат ќе бидат поефективни, релевантни и корисни ако заедниците на кои се однесуваат учествуваат во одлучувањето, како и доколку се доделат на оние кои најмногу можат да донесат промени. Партиципативниот процес на доделување грантови не е нов пристап, но неодамна беше предмет на големо внимание и пофалби, а несомнено претставува тренд кој може позитивно да влијае во борбата за отворен простор за граѓанско делување. Доколку повеќе донатори се користат со механизмите за учество во процесот на доделување на грантови, самите тие ќе можат побргу да одговорат на итните потреби и општествени предизвици, вклучително и на заканите по просторот за делување на граѓанските организации и нивната околина. Оттаму, преку усвојувањето на партиципативните процеси на доделување на грантови

од страна на донаторите и ГОи кои исто така обезбедуваат грантови може да им се даде дополнителна поддршка на напорите за заштита на граѓанскиот простор и за зголемување на ефективноста на средствата за поддршка.

*Група на донатори и гласни застапници од ширум светот (Фондацијата Форд, Фондот за правата на лицата со попреченост, ФРИДА – Движењето на млади феминистки, Фондот Црвен Чадор, УХАИ и Фондацијата Викимедиа) заедно изработија практичен Водич наменет за информирање на сите заинтересирани фондации за тоа кои механизми за овозможување на партиципативен процес на доделување грантотви се на располагање, и за давање поддршка при справување со главните предизвици.*

13

## ДА СЕ ИСКОРИСТИ ПРИТИСОКОТ ОД МЕЃУНАРОДНАТА ЗАЕДНИЦА

Во случаи на ненадејни закани по граѓанскиот простор и слободите во таа област, ГОи треба да ги употребат своите канали за комуникација за циркулирање на информацијата со цел меѓународната заедница да изврши притисок врз владите и да покаже солидарност со граѓанското општество преку своите билатерални и мултилатерални врски. Советот за човекови права на ОН обезбедува поддршка за ГОи преку документот „Одбрана на просторот за делување на граѓанските организации и правото на пристап до ресурси“ во кој се сумирани општите принципи на меѓународните норми и стандарди за човекови права, а кои се однесуваат на можноста граѓанското општество да бара, добива и да користи ресурси. Следењето на процесот на исполнување на релевантните заложби на владите на меѓународно ниво може да биде дополнителен начин за вршење притисок врз владите од страна на ГОи.

# 14

## ДА СЕ ЗАПОМНИ ДЕКА ИСТОРИЈАТА Е НА НАША СТРАНА

*Како пример за такви владини заложби може да се земе случајот со глобалната иницијатива Отворено владино партнерство која започна во 2011 година и чија цел е да обезбеди меѓународна платформа за домашните реформатори кои настојуваат своите влади да ги прават поотворени, отчетни и подготвени да одговорат на потребите на граѓаните. Во Европа, во ноември 2017 година Советот на Европа ги одобри Директивите за граѓанското учество во процесите на донесување одлуки, истакнувајќи дека граѓанското учество е во срцето на самата идеја за демократија, а на кои им претходеше Кодексот на добри практики за граѓанско учество во процесот на донесување одлуки – документ на Советот на Европа, усвоен во 2009 година и потпишан од?. Покрај тоа, ЕУ работеше на создавање механизми за справување со стеснувањето на просторот за делување на граѓанските организации, а Студијата која беше изработена во 2017 година од страна на Европскиот парламент – „Стеснување на граѓанскиот простор, одговорот на ЕУ“ ги наведува расположливите механизми на Унијата и начините на кои ЕУ може да се справи со предизвиците произлезени од стеснувањето на граѓанскиот простор. Фокусирајќи се на овој регион, во ноември 2017 година, сите министерства надлежни на полето на реформите во јавната администрација во земјите од Западен Балкан ги искажаа своите заложби за зголемување на граѓанското учество, за што ги потпишаа заедничките Препораки на Западниот Балкан за граѓанско учество, изработени по иницијатива на Советот за регионална соработка и Регионалната школа за јавна администрација.*

Иако неодамнешните политички случувања во светот, вклучително и порастот на популизмот и стеснувањето на просторот за делување на граѓанските организации, можат да делуваат како обесхрабрување за нашите аспирации за градење на силно и слободно граѓанско општество, сепак се јавуваат сè повеќе барања за нови облици на демократско учество. Новите облици на демократија во кои се применуваат новите технологии можат да ги охрабрат граѓаните поефективно да учествуваат во општеството и најмногу да ги уживаат промените. Балканскиот регион посведочи за граѓанските заложби кои донесоа промени и во најрестриктивните периоди кога просторот за делување на граѓанските организации беше затворен – тоа е доказ дека активизмот, коалицирањето и солидарноста носат промени и во тешки времиња.

*“Борбата која ја водиме за просторот за делување на граѓанските организации не е само борба за подобрување на оперативната околина на граѓанското општество, туку и за овозможување на нови облици на демократско учество и ставање на граѓаните во центарот на демократијата“.*

*Dhananjayan Sivaguru Sriskandarajah*




Balkan Civil Society Development Network (BCSDN)

20 Oktomvri br.1/2
1000 Skopje, Macedonia

Tel.: + 389 (0)2 614 42 11

E-mail: ExecutiveOffice@balkancsd.net
Website: www.balkancsd.net

www.facebook.com/balkancsd.net
www.twitter.com/BCSDN